ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# ИСТРАЖУВАЊЕ
# ЗА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДНОС НА ПРИМЕНАТА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ОД СТРАНА НА ПРАТЕНИЦИТЕ



NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за Управување со Промени

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC


**ИМПРЕСУМ:**

Наслов: Истражување за перцепцијата на граѓаните во однос на примената на етичкиот кодекс од страна на пратениците

Издавач: Центар за управуваање со промени (ЦУП)

За издавачот: Извршен директор на ЦУП Неда Малеска Сачмароска

Автор: Тимот на ЦУП

Уредник: Неда Малеска Сачмароска

Дизајн: Марко Данаиловски

Место и година на издавање: Скопје, 2023

*Оваа публикација е подготвена од Центар за управување со промени (ЦУП) во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП) која е финансирана од Владата на Швајцарија, а ја спроведува Националниот демократски институт (НДИ), Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и Центар за управување со промени (ЦУП). Содржината на публикацијата во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Владата на Швајцарија.*


NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за Управување со Промени

# Содржина

Резиме на клучни наоди 3

Вовед 4

Контекст 5

Наоди од истражувањето 7

*I.Перцепција на граѓаните за однесувањето на пратениците 7*

*II. Перцепцијата на граѓаните за однесувањето на пратениците во однос на степенот колку се запознаени/не се запознаени со работата на Собранието и пратениците 24*

ПРЕПОРАКИ 33

Прилог 1 – Методологија на истражувањето 34

*Методолошки пристап 34*

*Демографска структура на испитаниците 36*

# Резиме на клучни наоди

- 42.5% од испитаниците, истакнале дека не се запознаени што работат пратениците додека 25.3% од испитаниците истакнале дека се запознаени со работата на испитаниците.

- Само 12% од испитаниците сметаат дека пратениците во нашата земја ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување (од агрегираните одговори 1,8% од испитаниците сметаат дека пратениците целосно ги почитуваат и 10,5% донекаде ги почитуваат). Ова укажува на потребата пратениците повеќе да работат на градење на довербата на граѓаните преку совесно и исполнително извршување на функцијата со која ги застапуваат јавните интереси.

- Околу 63% испитаници сметаат дека пратениците не ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување

- Половина од испитаниците, истакнале дека исполнувањето на ветувањата кои ги дале на граѓаните е она за што првенствено би требало да се зафатат пратениците.

- Повеќето испитаници сметаат дека најважно за еден пратеник/чка е да биде некоруптивен/а, додека околу 31% граѓани сметаат дека за зголемување на ефикасноста во работењето на пратениците може да влијае почестата комуникација со граѓаните.

- 42% од граѓаните сметаат дека еден од најзначајните предизвици со кои се соочуваат пратениците се партиските притисоци во извршувањето на должностите.

- Уште еден значаен предизвик на пратениците е да ја убедат јавноста дека ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување.

- Според испитаниците, пратениците најмалку ги признаваат своите грешки и преземаат одговорност за своите постапки, додека пак избраните /именувани лица најмалку се грижат за јавните пари и домаќинското однесување со средствата и ресурсите кои им се дадени на располагање.

- 64% од анкетираните граѓани би сакале да видат радикални чекори во справувањето со прекршителите на етичките стадарди (27% одземање на функцијата, 27% кривичен прогон, 10% затвор)

# Вовед

Последниве децении ширум светот постои зголемен притисок на пратениците, но и другите избрани и именувани лица да демонстрираат високи морални стандарди и да го зајакнат својот етички кредибилитет. Ова во голема мера е резултат на голем број скандали кои ја поткопаа довербата на јавноста во политичките институции и политичарите воопшто. Во март 2011 година, британскиот весник Гардијан спроведе анкета на 5000 гласачи од пет европски земји (Франција, Германија, Полска, Шпанија и Обединетото Кралство) и, меѓудругите прашања, го постави и следново прашање: „До кој степен им верувате на политичарите, без разлика дали власт или опозиција, дека се однесуваат со чесност и интегритет?" резултатите од анкеттата покажаа дека само 9% од испитаниците одговориле дека „целосно", односно „доволно" им веруваат на политичарите, додека високи 89% рекле „не многу" или „воопшто" не им веруваат[1]. Одговорите биле слични во сите пет земји.

Гласачите очекуваат нивните избраници да го почитуваат законот исто како и сите други, и да водат со пример кога станува збор за професионалната етика и интегритет. Во таа насока, парламентите се обидоа ги пресретнат очекувањата на гласачите, сфаќајќи дека нивното игнорирање ќе послужи само за дополнително поткопување на довербата на јавноста во државата, во институциите и во политичарите. Механизмите за постигнување на ова, генерално се состојат од: повикување на одговорност на поединците во рамките на постоечките правила и усвојувањето „етички кодекси" или „кодекси на однесување". Кодексите се обидуваат да обезбедат насоки и упатства, но и да воспостават стандарди за однесување и постапување за она што се наоѓа во „сивата зона" помеѓу законот и прифатливото однесување. Се разбира, на повеќето политичари не им требаат кодекси на однесување за да ги натераат да постапуваат морално - но како што често се случува, „мнозинството" ја плаќа цената за однесувањето на „малцинството". Кодексите помагаат во насочувањето и толкувањето на одредени специфични прави кога се работи за недоволно дефинирани или комплексни состојби на забрана на поткуп, судир на интереси, финансиска транспарентност итн.

Секако, кодексите не претставуваат загарантиран чудесен лек за сето она што се смета за погрешно во политиката, но се водилка и поткрепа на принципите на доброто владеење. Тие се најефикасни кога се надоврзуваат на политичка култура во која интегритетот, транспарентноста и отчетноста се високо ценети. Никакви закони или кодекси на однесување не можат да ја спречат индивидуалната намера да го измами системот или да ги прекрши правилата, но даваат насоки за постапување со чесност и интегритет согласно очекувањата на гласачите.

[1] https://www.theguardian.com/news/datablog/2011/mar/14/europe-poll-icm?intcmp=239#data

# Контекст

Доброто управување, во смисла на начин на раководење со институциите на државата, подразбира водење на процесите, следење и надгледување на остварувањето на стратешките заложби на државата, но и ефикасно и ефективно управување со ресурсите на институциите. Управувањето се остварува следејќи ги договорените принципи, во смисла на регулатива, но и почитувајќи сложена мрежа на вредности, стандарди, обичаи и практики, поткрепени со заеднички систем на етика, кој засега широк опфат на субјекти во институциите на државата, но и во општеството во целина. Сето ова вклучува воспоставување и одржување на одредени вредности и култура на однесување, но исто така вклучува и одредена трансформација во насока на постигнување на повисоки стандарди и поправично постапување. Всушност, системот на етика во контекст на доброто владеење во една држава, претставува една од меките мерки, која настојува да биде комплементарен елемент на формалното регулирање на принципите на добро владеење кое се спроведува преку регулативата. Етичките норми и стандардите посочуваат што се очекува од избраните лица во однесување и постапувањето во случаите кога нешто не е регулирано со закон, а претставува значаен сегмент од управувањето.

Од друга страна, кредибилитет кај јавноста е особено важен кога станува збор за јавниот сектор и управувањето. Имајќи го ова на ум, важно е да се напомене дека стекнувањето на довербата на граѓаните е од витално значење за доброто управување. Јавното мислење е најмоќната сила во едно демократско општество. Тоа е начин за постигнување повисоки стандарди на етичко однесување и помага во подобро донесување одлуки.

Примената на етичките стандарди на однесување и постапување на избраните и именуваните лица, како една од по меките алатки, исто така има силен удел во борбата против корупцијата. Имајќи предвид дека пратениците се сликата на граѓаните и нивните директни претставници, важноста на нивното однесување и постапување во голема мера влијание и на односот на сите останати функционери кон професијата и кон имотот и ресурсите на државата.

Во таа насока, а во корелација со предложените алатки за унапредување на системот на парламентарната етика, се спроведе и истражувањето на јавното мислење за степенот на почитување на етичките стандарди од страна на пратениците.  Ова истражување сака да го испита вредносниот систем врз основа на кој почиваат очекувањата на граѓаните во однос на постапувањето и однесувањето на нивните претставници, односно да провери дали основните етички вредности и принципи врз основа на кои граѓаните ги ценат пратениците соодветствуваат со меѓународните принципи и стандарди на добро владеење.

Основна водилка при конципирање на прашањата за ова истражување беа 7те принципи на јавниот живот[2] или попознати како принципите на Нолан, кои ја воспоставуваат рамката врз основа на која се креирани повеќето етички кодекси или кодекси на однесување во развиените демократии. Овие принципи се: работење за јавниот интерес, интегритет, објективност, отчетност и одговорност, транспарентност, чесност и лидерство. Анкетните прашања беа конципирани согласно овие клучни области, но исто така превид беше земена и содржината на постоечкиот Кодекс на етичко однесување на пратениците во Собранието на РСМ.

Резултатите од истражувањето треба да покажат каква е довербата на граѓаните во нивните избраници, кои се вредностите врз основа на кои очекуваат да постапуваат пратениците и кои треба да го детерминираат нивното однесување, но и да послужат како аргумент за понатамошно подобрување на механизмите за добро владеење на сите нивоа на власта, вклучително и законодавната.

[2] https://www.gov.uk/government/publications/the-7-principles-of-public-life/the-7-principles-of-public-life--2

# Наоди од истражувањето

## I. *Перцепција на граѓаните за однесувањето на пратениците*

Првото прашање кое им беше поставено на испитаниците се однесуваше на нивото до кое се запознаени со работата на Собранието и пратениците. Колку граѓаните се запознаени со работата на Собранието и пратениците се забележува преку нивните одговори прикажани на графикот подолу. Имено, 25.3% од испитаниците, истакнале дека се запознаени што работат пратениците додека 42.5% од испитаниците истакнале дека не се запознаени со работата на пратениците, агрегирани одговори каде се доделени оцени 1 –воопшто не сум запознаен/а и 2 –донекаде не сум запознаен/а. Околу 32% од испитаниците дале оцена 3, односно дека се ниту запознаени ниту не запознаени. Не се забележуваат статистички значајни разлики во одговорите на испитаниците според нивното место на живеење (град 26%; село 25%).

Разгледувани одговорите на испитаниците низ призма на демографските карактеристики, се забележува дека оние кои истакнуваат дека се запознаени со работата на пратениците, *се почесто мажи (31% мажи, 20% жени), со високо образование и припадници на возрасната група над 55 години.* Земајќи го предвид работниот статус на испитаниците, *вработените во невладиниот сектор и вработените во јавниот сектор се оние кои во најголем обем истакнуваат дека се запознаени* со работата на Собранието и пратениците.

**График 1. (Q1). Колку би рекле дека сте запознаени со работата на Собранието на РСМ и пратениците?**



Имено, прашањето имаше можност за пет одговори, на скала од еден до пет, каде еден е воопшто не запознаен и 5 е целосно запознаен. Оттука, прикажано е агрегирањето на одговорите 1 и 2, како не запознаен со работата на пратениците, 3 останува како неутрален или ниту запознаен ниту не запознаен, додека 4 и 5, се агрегирани одговори во запознаен и познавач на работата на пратениците во Собранието на РСМ.

Одредувањето на степенот на перцепција за тоа колку од испитаниците се запознаени со работата на пратениците во Собранието е од значење со цел да се детерминира веродостојноста на одговорите за прашањата кои ја оценуваат работата и етичкото однесување на пратениците, но исто така да се направи компарација на видувањата на испитаниците кои се повеќе и помалку запознаени со работата на пратениците. Очекувано, оние испитаници кои себе си се квалификуваат како неутрални, односно ниту ја познаваат, ниту не ја познаваат работата на пратениците, најчесто одговараат дека пратениците ниту ги почитуваат, ниту не ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување. Значајно е да се истакне дека, една петтина *(21%) од испитаниците, кои ја следат работата на пратениците, истакнуваат дека пратениците ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување* (агрегирани одговори, целосно 5% и донекаде ги почитуваат 16%). *Овој процент е за речиси 4 пати помал кај испитаниците кои не се запознаени со работата на пратениците.* Колку помалку граѓаните знаат за работата на Собранието и пратениците, толку помалку доверба имаат во нив и нивната работа. Ова укажува на фактот дека *потребно е градење на довербата преку приближување на работата и надлежностите на Собранието и пратениците до граѓаните*.

Околу 14% од испитаниците кои не знаат, односно не можат да проценат дали се запознаени со работата на пратениците, очекувано не можат да одговорат, односно не знаат колку пратениците во нашата земја ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување. Исто така, и во однос на испитаниците кои одговориле дека не се запознаени со работата на пратениците, 6% од нив исто така не знаат колку пратениците во нашата земја ги почитуваат етичките стандарди.
Вкрстените податоци за степенот на запознаеност со работата на пратениците, наспроти мислењето на граѓаните за степенот на почитување на етичките стандарди, односно нивното субјективно мислење за сите прашања кои беа дел од ова истражување е прикажан во вториот дел од извештајот.

Почитувањето на етичките стандарди и правила на однесување, беше тема на следното прашање. Етичките начела, правила и стандарди на однесување на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, се уредени со кодексот за етичко однесување, чија цел е да ја зголеми довербата на граѓаните и јавноста во основните вредности и интегритет на функцијата пратеник/чка како индивидуа и на Собранието како претставнички орган на граѓаните на РСМ и носител на законодавната власт. И покрај тоа што со документ се уредени однесувањата, сепак, пратениците со своите постапки и делувања *се чини дека не ја убедиле јавноста за својата чесност и професионалност.*

Имено, на графикот бр.2 подолу е прикажано дека единствено 12% од испитаниците сметаат дека пратениците во нашата земја ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување (агрегирани одговори на 1,8% целосно ги почитуваат и 10,5% донекаде ги почитуваат). Околу 21% од испитаниците имаат неутрален став, односно истакнале дека пратениците ниту ги почитуваат ниту не ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување. Овие одговори испитаниците ги искажуваат кога не можат ниту целосно, ниту донекаде да се согласат со позитивното или негативното тврдење. Ова не покажува дека не знаат, ниту дека немаат став поврзан со прашањето, туку не можат да дадат позитивна оцена затоа што не се согласуваат со тоа, но и обратно, не можат да дадат негативна оцена затоа што не се сосема убедени во тоа.

*Околу 63% сметаат дека пратениците не ги почитуваат етичките стандарди* и правила на однесување (агрегирани одговори донекаде не ги почитуваат 23,5% и воопшто не ги почитуваат 39,8%).

**График 2. (Q2) Генерално земено, колку сметате дека пратениците во нашата земја ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување?**




Овие резултати покажуваат дека пратениците во нашата земја се исправени пред предизвикот да ја убедат јавноста дека ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување. *Оттука, и потребно е да се изгради/зајакне довербата на граѓаните преку дефинирање и промовирање на етичките принципи и стандарди на однесување и постапувања што се очекуваат од пратениците при извршувањето на функцијата.*

Одговорите на испитаниците разгледувани низ призма на демографските карактеристики, покажуваат дека оние што истакнале дека пратениците не ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување, почесто се мажи, етнички Македонци, со основно образование и припадници на возрасната група над 55 години. Наспроти тоа, и покрај тоа што агрегираните податоци (целосно и донекаде ги почитуваат) покажуваат дека само 12% од граѓаните сметаат дека пратениците *ги почитуваат* етичките стандарди и правила на однесување, тоа почесто се *припадници на најмладата возрасна група, од урбано место на живеење (град 14%; село 10%) и со повисоко образование.*

**Табела 1. Генерално земено, колку сметате дека пратениците во нашата земја ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување?**

| | Пол | | Возраст | | | Националност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Мажи* | *Жени* | *18-34* | *35-54* | *Над 55* | *Македонци* | *Албанци* | *Останати* |
| Не ги почитуваат | *66%* | 60% | 57% | 62% | *70%* | *66%* | 56% | 64% |

| | Образование | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *Основно* | *Средно* | *Високо* | *Урбан* | *Рурал* |
| Не ги почитуваат | *70%* | 62% | 58% | 62% | *66%* |

| | Пол | | Возраст | | | Националност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Мажи* | *Жени* | *18-34* | *35-54* | *Над 55* | *Македонци* | *Албанци* | *Останати* |
| **Ги почитуваат** | *13%* | 12% | *17%* | 13% | 9% | 12% | *16%* | 9% |

| | Образование | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *Основно* | *Средно* | *Високо* | *Урбан* | *Рурал* |
| **Ги почитуваат** | 7% | 11% | *21%* | 14% | *10%* |

На следното прашање, граѓаните имаа можност, од 5 понудени, да издвојат еден приоритет на пратениците во нашата земја. На графикот бр.3 подолу, се забележува дека половина од испитаниците односно 50%, истакнале дека *исполнувањето на ветувањата кои ги дале на граѓаните* е она за што првенствено би требало да се зафатат. Овој одговор за исполнување на ветувањата од страна на пратениците во поголем обем го истакнале невработените и испитаниците со основно образование согласно податоците за демографската структура на испитаниците. Разгледувани одговорите низ призма на родот кај испитаниците се забележува дека овој одговор почесто го избираат жените во однос на мажите (мажи 47%; жени 52%).

Речиси идентичен број на испитаници (16%) сметаат дека пратениците приоритетно треба да се занимаваат *со сузбивање на корупцијата и да се грижат јавните пари* да се трошат рационално и совесно. *Грижата за јавните пари почесто ја спомнуваат мажите во однос на жените (мажи 18%; жени 13%), жителите од урбани места на живеење (мажи 17%; жени 13%), повисоко образованите и вработените во јавниот сектор.* За двојно помалку од нив (по 8%) испитаници истакнале дека прв приоритет на пратениците сепак треба да биде балансирањето на потребите и приоритетите на граѓаните во различни групи и да влијаат на законодавниот процес согласно приоритетите на граѓаните.

Одговорот дека пратениците приоритетно треба да се грижат јавните пари да се трошат рационално и совесно, почесто го истакнувале мажите од урбани места на живеење, повисоко образованите и вработените во јавниот сектор.

**График 3. (Q3) Што од следното треба да биде приоритет во работата на пратениците во нашата земја?**




Вредностите и стандардите на однесување, кои вообичаено се дефинирани во кодексите повикуваат на *посветеност кон јавниот интерес, развојните цели на државата, како и правата и интересите на сите граѓани и субјекти во заедницата*, што секогаш треба да произлезе од понудените политички програми и ветувања кои политичарите ги дале на граѓаните. Всушност, овие области се дефинирани врз основа на основните цели кои се дадени во насоките за реформирање на парламентарните системи на етика, на ОБСЕ, ОДИХР[3].

Од пратениците се очекува, во вршењето на функцијата да ги *почитуваат правилата што се однесуваат на забраната за корупцијата и не ја користат својата функција за остварување на*

[3] Background Study: Professional and Ethical Standards for Parliamentarians, Warsaw, 2012, п. 18, https://www.osce.org/odihr/98924

*материјална и/или нематеријална корист*. Исто така, се очекува пратениците да *се однесуваат одговорно кон финансиските и материјалните средства, опремата и други ресурси на институцијата кои им се ставени на располагање, а ресурсите да ги користат рационално и ефикасно, исклучиво за потребите на извршување на пратеничката функција*.

Следното прашање во истражувањето се однесуваше токму на карактеристиките на еден пратеник/чка. Испитаниците во најголем обем истакнаа дека најважно за еден пратеник/чка е да биде некоруптивен, но според приказот на одговорите (график бр.4) се чини дека сите истакнати карактеристики се спомената како важни за еден пратеник/чка. Разгледувани одговорите за најважните карактеристики на еден пратеник/чка и демографијата на испитаниците, се забележува дека *некоруптивност почесто ја издвојувале етничките Македонци* во однос на другите етнички заедници, и *повисоко образованите* во однос на испитаниците со пониско образование.

**График 4. (Q4) Според Вас, кои се најважните карактеристики на еден пратеник/чка?**




Ова подразбира дека од пратениците се очекува *да го пријават секое дело поврзано со корупција, и да не преземаат дејствија кои можат да ги доведат во сомнеж за постоењето на корупција (пр. примање на подароци)*. Пратениците се очекува да се *отворени и транспаренти кон граѓаните и секогаш да користат и пласираат вистинити, соодветни, навремени и целосни информации*.

Подолу на графикот бр.5, е прикажано дека околу 31% од граѓаните сметаат дека на зголемување на ефикасноста во работењето на пратениците може да влијае *почестата комуникација* со нив. Имено, на прашањето, како би можеле пратениците поефикасно да си ја вршат својата работа, испитаниците најчесто одговарале “преку почеста комуникација со граѓаните”.

Овие податоци укажуваат на потребата од почеста комуникација на пратениците со граѓаните. Како второрангирана можност за поголема ефикасност во работата на пратениците се издвојува, *темелната и информирана дебата во парламентот.* Околу 18% од испитаниците сметаат дека дебатите треба да се зачестена содржина во парламентот.

Понатаму *заедничката работа на пратениците со партиите за прашања кои се од голема важност* за граѓаните се треторангирана содржина која може да влијае на ефикасноста во работењето на пратениците (17%).
Разгледувани одговорите на испитаниците низ призма на демографските карактеристики (табела бр.2), се забележува дека *високо образованите почесто истакнуваат дека за пратениците поефикасно да си ја вршат работата треба да учествуваат во темелни и информативни дебати,* додека оние со *пониско образование почесто истакнуваат дека пратениците треба да комуницираат со граѓаните.* Овој предлог дека за зголемување на ефикасноста во работењето, пратениците треба повеќе да комуницираат со граѓаните, почесто се забележува и во одговорите на невработените и пензионерите.
Исто така, етничките Македонци, во однос на припадниците на албанската етничка заедница значително почесто истакнуваат дека пратениците треба да имаат комуникација со граѓаните.

Дека преку заедничката работа со партиите за прашања кои се од голема важност за граѓаните, пратениците би можеле поефикасно да си ја вршат својата работа, почесто истакнуваат мажите (39%), во однос на жените (35%), припадниците на возрасната група над 55 години и високо образованите.

**Табела 2. Преку заедничка работа со партиите пратениците би можеле поефикасно да си ја вршат својата работа**

| Пол | | Возраст | | |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | Жени | 18-34 | 35-54 | Над 55 |
| *39,0%* | 35,4% | 31,6% | 37,6% | *40,9%* |

| Образование | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|
| Основно | Средно | Високо | Урбан | Рурал |
| 36,0% | 36,2% | *40,6%* | 35,3% | *40,2%* |

**График 5. (Q5) Спред вас, како би можеле пратениците поефикасно да си ја вршат својата работа?**




Основните етички вредности и принципи[4], меѓу другите обврски, укажуваат на тоа дека од пратениците се очекува да се *отворени во комуникација со гласачите и граѓаните, да негуваат култура на работа каде граѓаните би можеле лесно да имаат пристап до информации и податоци за нивната работа и дека пратениците треба да ги искажуваат своите ставови и мислења отворено, јасно, концизно и недвосмислено.*

Граѓаните запрашани за предизвиците со кои најчесто се соочуваат пратениците во нивното вршење на должноста, најчесто истакнуваат (график бр.6) дека тоа се партиските притисоци. Вкупно 42.3% од граѓаните сметаат дека *пратениците имаат партиски притисоци во извршувањето на должностите. Речиси за тројно помалку во однос на прворангираниот предизвик е посочена тешко остварливата комуникација со граѓаните.* И во ова прашање, повторно се сретнуваме со потребата од дополнителни напори од страна на пратениците да остварат непречена и почеста комуникација со граѓаните.

[4] Common Ethical Principles Members Of Parliament , NDI, https://www.ndi.org/sites/default/files/Common%20Ethical%20Principles%20ENGLISH%20(1).pdf

Дека изостанува пракса во *изрекување на дисциплински мерки* за непочитување на кодекси, истакнуваат 12% од испитаниците, и исто толку испитаниците истакнале дека кај пратениците *недостатокот на искуство и знаење* како предизвик кој се испречува пред нивното вршење на должноста. Само 5% од испитаниците истакнале дека пратениците се соочуваат со недостаток од ресурси за работа и потешкотии да се придржуваат или да охрабруваат почитување на етички стандард. Овие одговори на 4,9% од испитаниците ни покажуваат дека граѓаните не се информирани за други потешкотии при придржување или охрабрување за почитување на етичките стандарди.

Во однос на разлики во одговорите на испитаниците разгледувани низ призма на нивните демографски карактеристики, се забележува дека *мажите (46%) во однос на жените (39%) почесто истакнуваат дека партиските притисоци се најголем предизвик со кој се соочуваат пратениците.* Исто така, овие одговори се за речиси *двојно почести и кај етничките Македонци* во однос на припадниците на албанската етничка заедница, *но етничките Албанци пак*, почесто од етничките Македонци *истакнуваат дека пратениците се соочуваат со недостатокот на искуство и знаење во вршењето на должноста*. Испитаниците со основно образование почесто, отколку оние со повисоко образованите, истакнуваат дека пратениците тешко остваруваат соработка со граѓаните.

**График 6 (Q6) Според Вас со кои предизвици најчесто се соочуваат пратениците во нивното вршење на должноста?**



Рамката за препорачливо и пожелно однесување на пратениците предвидува тие да *постапуваат непристрасно, без предрасуди и без намера за остварување на лична корист*. При тоа пратениците *при носење на одлуките се очекува да дејствуваат единствено врз основа на личните чувства, верувања и убедувања, да не ги исклучуваат различните гледишта, туку да ги земат предвид и ќе обезбедат носење на одлуки базирани на факти*.

Граѓаните беа прашани колку сметаат дека пратениците некогаш се однесуваат поинаку, односно спротивно од нормите и стандардите кои се уредени во Етичкиот кодекс. Од вкупно 18 претставени начини на однесување (табела бр.3), граѓаните во најголем обем одговарале дека "никогаш" или "ретко" во праксата се случува пратениците да се однесуваат на неведениот начин. Имено, околу *80% од граѓаните*, изразуваат согласност дека *никогаш или ретко*:

- Пратениците ги признаваат своите грешки и преземаат одговорност за своите постапки;
- Се грижат јавните пари да бидат трошени правично;
- Се однесуваат домаќински со средствата и ресурсите кои им се дадени на располагање;
- Ги остваруваат ветувањата дадени за време на изборната кампања;
- Претставуваат добар пример за останатите граѓани.

Од резултатите е јасно дека граѓаните очекуваат воспоставување на *соодветни механизми кои ќе овозможат практична примена на санкции за непочитување на законите или етичките принципи и вредности*, нешто кое во сегашната поставеност на системот на парламентарна етика е невозможно, односно не е правно поткрепено и спроведливо.

Основните етички принципи[5] предвидуваат *отвореност, транспарентност и интегритет на пратениците со цел да се зајакне довербата кај граѓаните*. Дополнително, активностите поврзани со водењето на кампања не треба да го нарушат нивниот интегритет и да ја разнишаат довербата на граѓаните во Собранието. Од *пратениците се очекува со личен пример ги демонстрираат етичките принципи и стандарди во сопственото работење и однесување и го охрабруваат моралното постапување, да се залагаат за вреднување на заслугите и компетентноста и претставуваат совесен и примерен модел на однесување*.

Голем дел од граѓаните, односно *околу 75%* од нив, сметаат дека пратениците *никогаш или ретко:*

- Ги обелоденуваат своите судири на интереси;
- Се соочуваат со последиците од своето неетичко однесување;
- Ја кажуваат вистината;
- Ги објаснуваат причините за нивни постапки и одлуки;
- Ја вршат својата работа одговорно и со интегритет;
- Работат на она што јавноста мисли дека е важно;

---

5 Ibid.

Соодветно на овие изјаснувања, од пратениците се очекува да обезбедат *аргументирани објаснувања за причините за своите постапувања и заложби во процесот на донесување на одлуките во Собранието*. Дополнително, *етичките принципи на отвореност и транспарентност подразбираат постапување и однесување кое ја демонстрира одговорноста на пратениците пред граѓаните за нивните постапки, одлуки и однесување*. Тие треба да *избегнуваат ситуации што можат да ги доведат во судир на интереси и што може да влијаат на непристрасното извршување на функцијата*. Исто така, пратениците треба да *внимаваат да не предизвикаат потенцијален судир на интереси* и ги преземаат сите неопходни мерки за да се спречи влијанието на приватниот интерес или интересот на друго лице врз извршувањето на функцијата.

*Околу 70%* граѓани сметаат дека пратениците *никогаш или ретко:*

- Ги објавуваат податоците за својот имот;
- Работат во интерес на граѓаните и заедницата која ја претставуваат;
- Го поддржуваат јавниот интерес и информираат за потребите на граѓаните преку законодавно дејствување;
- Го осудуваат секое недолично однесување на своите колеги без оглед на политичката определба;
- Се однесуваат кон граѓаните со почит.

Иако, бројот на граѓани кои сметаат дека пратениците не го објавуваат својот имот е голем, тоа исто така зборува дека граѓаните не се запознаени или не се целосно запознаени со работата на пратениците. Имено, *сите пратеници имаат објавено Анкетни листови согласно закон, но истражувањето покажува дека граѓаните не се запознаени со ова.*

Во однос на сите наведени начини на однесување, одговорот "понекогаш", во најголем обем е издвоен за "*пратениците се однесуваат кон граѓаните со почит*" (24%). Речиси 25% од испитаниците се согласни со оваа изјава која потврдува дека *пратениците низ праксата покажале однесување кое има за цел да ја зголеми довербата на граѓаните во основните вредности и интегритет на функцијата пратеник/чка.*

Во етиката, како филозофска дисциплина која се применува во сите сфери на општественото живеење, клучната парадигма врз основа на која се дефинираат сите етички принципи, подразбира *почитување на достоинството на човековата личност, признавањето и третирањето на човекот како највисока цел, а никогаш како средство за постигнување на други посредни интереси и цели*. Ова подразбира и *заложба за градење и унапредување на заедничкото достоинство на сите личности преку меѓусебното почитување, солидарност и грижа.* Во контекст на истражувањето, дел од прашањата се однесуваат на испитување на перцепцијата на граѓаните кон пратениците како *одговорни и позитивни личности, со споделени заеднички вредности, кои го застапуваат и промовираат доброто за граѓаните и на општеството во целина*.

Околу *66%* од испитаниците го делат мислењето дека пратениците *никогаш или ретко* се:

- Посветени на застапување на различни групи граѓани, вклучувајќи ги жените и маргинализираните заедници;
- Не земаат мито.

Од *пратениците се очекува да овозможат остварување на уставно загарантираните права на еднаквост и недискриминација, преку создавање на еднакви можности и почитување на различностите*. Пратениците треба во својата работа и одлучување *да не создадат состојба на привилегирање на една група на граѓани наспроти другите*.

Наспроти сево ова, изјавата со која граѓаните најчесто се согласиле (13%), односно во агрегираните одговори *"секогаш" и "често"*, е изјавата "не зема мито". Иако, генерално гледано процентот на согласување е релативно низок во однос на севкупната скала, сепак овој процент преставува *речиси двојно поголема согласност во однос на сите останати начини на однесување.* И покрај тоа што се работи за мал процент, сепак, во однос на согласувањата за сите други изјави каде процентот на согласност не надминува 7%, кај оваа изјава дека пратениците не земаат мито согласни се 13% од испитаниците. *Пратениците не треба да ја користат својата функција, ниту своите уставни и законски надлежности, на начин кој може да претставува злоупотреба на функцијата заради прибавување на одредена материјална или нематеријална корист*.

**Табела 3. (Q7-Q24) Генерално земено, колку сметате дека ПРАТЕНИЦИТЕ се однесуваат на секој од следните начини, на скала од 1 до 5, кадешто 1 значи "Никогаш", а 5 значи "Секогаш".**

| % | Никогаш + Ретко | Понекогаш | Секогаш + Често |
|---|---|---|---|
| Ги признаваат своите грешки и преземаат одговорност за своите постапки | 81 | 12 | 4 |
| Се грижат јавни пари да бидат трошени правично и со интегритет | 80 | 11 | 5 |
| Се однесуваат домаќински со средствата и ресурсите кои им се дадени на располагање | 80 | 12 | 5 |
| Ги оствaруваат ветувањата дадени за време на изборната кампања | 80 | 14 | 4 |
| Претставуваат добар пример за останатите граѓани | 76 | 17 | 5 |
| Ги обелоденуваат своите судири на интереси | 75 | 14 | 5 |
| Се соочуваат со последиците од своето неетичко однесување | 75 | 14 | 5 |
| Ја кажуваат вистината | 75 | 20 | 4 |
| Ги објаснуваат причините за нивни постапки и одлуки | 75 | 16 | 5 |
| Ја вршат својата работа одговорно и со интегритет | 73 | 17 | 5 |
| Работат на она што јавноста мисли дека е важно | 73 | 19 | 6 |
| Ги објавуваат податоците за својот имот | 72 | 18 | 4 |
| Работат во интерес на граѓаните и заедницата која ја претставуваат | 71 | 22 | 5 |
| Го поддржуваат јавниот интерес и информираат за потребите на граѓаните преку законодавно дејствување | 70 | 17 | 6 |
| Го осудуваат секое недолично однесување на своите колеги без оглед на политичката определба | 67 | 20 | 7 |
| Се однесуваат кон граѓаните со почит | 67 | 24 | 7 |
| Посветени на застапување на различни групи граѓани, вклучувајќи ги жените и маргинализираните заедници. | 66 | 20 | 6 |
| Не земаат мито | 64 | 16 | 13 |

На следниот график бр.7 се прикажани одговорите на испитаниците издвоени според доделените 5 можности, на скала од 1 до 5, кадешто 1 значи "Никогаш", а 5 значи "Секогаш". Редоследот е подеднаков како и во табелата каде што беа прикажани агрегираните одговори. И повторно, како што се забележува, најголем број на одговори никогаш (над 50%), се издвоени за:

- Признавањето на грешките и преземањето одговорност за постапките,
- Домаќинското однесување со дадените ресурси и
- Грижата за јавните пари.

**График 7. Колку сметате дека ПРАТЕНИЦИТЕ се однесуваат на секој од следните начини?**



Со оглед на тоа што понудените можности за одговор беа во рамката од еден до пет, се чини интересен и приказот на одговорите на испитаниците низ средни оцени. Имено, на следниот Имено на следниот график бр.8, се преставени средните оцени за сите испитани 18 начини на однесување кај пратениците. Со оглед на тоа што веќе е констатиран висок процент на негативни одговори, оттука и средните оцени се движат околу оцената 2.

**График 8. Колку сметате дека ПРАТЕНИЦИТЕ се однесуваат на секој од следните начини? (средни оцени)**






Последното прашање се однесуваше на предлозите од страна на граѓаните поврзани со тоа кои треба да бидат *последиците за пратениците* доколку ги прекршат етичките стандарди и се однесуваат неетички. Прашањето беше од отворен тип, а неговите категоризирани изворни одговори се прикажани на графикот бр.9 подолу. Се забележува подеднаков број на испитаници кои истакнале дека одземањето на имунитетот (27%) и кривичниот прогон (27%) се последиците кои мора да ги сноси секој пратеник/чка кој ќе ги прекрши етичките стандарди. Исто така, 10% од испитаниците сметаат дека казната треба да биде најстрога, дури и затворска. Овие податоци покажуваат дека дури *64% од анкетираните граѓани недвојбено би сакале да видат радикални чекори во справувањето со прекршителите на етичките стандарди.*

**График 9. (Q32) Што сметате дека треба да бидат последиците за пратениците ако ги прекршат етичките стандарди и се однесуваат неетички?**



Наодите од анкетата укажуваат на ниската доверба на граѓаните кон нивните избрани претставници во Собранието. Затоа, системот на парламентарната етика треба да ги *утврди принципите и стандардите* на правилно и очекувано постапување и однесување, *да ги разјасни начините на постапување во случаите на прекршување на овие принципи, да го појасни функционирањето на механизмите за следење на нивната примена*, како и *да даде конкретни примери за тоа што се смета за посакувано и одобрено однесување*, а што за непосакувано и неприфатливо однесување.

## II. Перцепцијата на граѓаните за однесувањето на пратениците во однос на степенот колку се запознаени/не се запознаени со работата на Собранието и пратениците

Во овој дел од анализата се разгледуваат одговорите на граѓаните по поставените прашања, но низ призма на нивната субјективна проценка врз основа на тоа колку се запознаени, односно не се запознаени со работата на Собранието и пратениците.

Одговорот на првото прашање, всушност преставува идентификатор во определувањето на испитаникот како познавач на работата на пратениците во Собранието на РСМ.

Имено, прашањето имаше можност за пет одговори, на скала од еден до пет, каде еден е воопшто не запознаен и 5 е целосно запознаен. Оттука, во следниот график бр.10 е прикажано агрегирањето на одговорите 1 и 2, како не запознаен со работата на пратениците, 3 останува како неутрален или ниту запознаен, ниту не запознаен, додека 4 и 5, се агрегирани одговори во запознаен и познавач на работата на пратениците во Собранието на РСМ.

Како што е веќе споменато во претходниот дел од извештајот, една петтина (21%) од испитаниците, кои ја следат работата на пратениците, истакнуваат дека пратениците ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување (агрегирани одговори, целосно 5% и донекаде ги почитуваат 16%).

**График 10. (Q2) Генерално земено, колку сметате дека пратениците во нашата земја ги почитуваат етичките стандарди и правила на однесување?**



Приоритетите во работата на пратениците (график бр.11) се различно перцепирани кога за нив говорат оние граѓани кои ја следат работата на пратениците и оние кои не ја следат. Имено, и покрај тоа што редоследот е ист, односно, за сите граѓани првенствено е важно да се исполнуваат дадените ветувања, грижата за јавните пари, сузбивањето на корупцијата итн, *сепак, оние кои не се запознаени со работата на пратениците за 12% повеќе истакнуваат дека е важно исполнувањето на ветувањата*, во однос на оние кои се запознаени со работата на пратениците. Овој податок покажува дека оние граѓани кои ја следат работата на пратениците, сепак *забележуваат одредени преземени иницијативи за исполнување на ветени програми.*

Околу 14% од испитаниците кои не знаат односно не можат да проценат дали се запознаени со работата на пратениците, не можат да одговорат односно не знаат кои треба да бидат приоритети во работата на пратениците во нашата земја.

**График 11. (Q3) Што од следното треба да биде приоритет во работата на пратениците во нашата земја?**



Споменатите седум карактеристики (прикажани на график бр.12), како обележја на еден пратеник/чка во Собранието, се споменати во голем број од страна на испитаниците, но се забележуваат одредени разлики кога ги разгледуваме низ призма на оние што ја следат работата на пратениците и оние кои не ја следат. Имено, *оние кои се запознаени со работата на пратениците* во поголем обем од оние кои не се запознаени, ги истакнале карактеристиките:

- Некоруптивен,
- одговорен
- близок до народот и
- со непроменливи политички ставови.

**График 12. (Q4) Според Вас, кои се најважните карактеристики на еден пратеник/чка? [6]**




[6] Прашањето има можност за повеќе одговори, збирот на % може да надминува 100

Во интерес на зголемување на ефикасноста во работата кај пратениците, испитаниците најчесто ја издвојуваат почестата комуникација со граѓаните (график бр.13). Меѓутоа, споменувањето на оваа активност е за 9% поголема кај оние испитаници кои ја следат работата на пратениците. Исто така, темелните и информирани дебати како моќна алатка за зголемување на ефикасноста во работата, испитаниците кои ја следат работата на пратениците за 13% почесто ја споменуваат во однос на оние кои не ја следат работата на пратениците. *Најголемата разлика во одговорите (15%)* помеѓу оние кои се запознаени и оние кои не се запознаени со работата на пратениците, се забележува во предлог решението *заеднички да се работи со партиите за прашања кои се од голема важност за граѓаните.*

**График 13. (Q5) Спред вас, како би можеле пратениците поефикасно да си ја вршат својата работа?[7]**




[7] Прашањето има можност за повеќе одговори, збирот на % може да надминува 100

*Партиските притисоци* како предизвик со кој најчесто се соочуваат пратениците во нивното вршење на должноста, е најчесто споменуван одговор од страна на сите испитаници, но се забележува статистички значајна разлика во нивниот обем кај оние кои ја следат работата на пратениците и оние кои не ја следат (график бр.14).

Оние кои *се запознаени* со работата на пратениците во Собранието, *за 16% почесто го споменуваат овој предизвик*, во однос на оние кои не се запознаени со работата на пратениците. Исто така, од страна на *20%* од оние кои *не ја следат работата на пратениците* е истакната *тешко остварливата соработка со граѓаните*, што е за два и пол пати повеќе од оние кои го дале овој одговор, но ја следат работата на пратениците. Овие податоци покажуваат дека *оние кои ја следат работата на пратениците, тешко остварливата соработка со граѓаните, не ја издвојуваат како предизвик.*

**График 14 (Q6) Според Вас со кои предизвици најчесто се соочуваат пратениците во нивното вршење на должноста?**



На следниот график бр.15 се претставени веќе споменатите 18 различни начини на однесување на пратениците, изразени преку средна оцена која е изведена од петте можности за одговор, на скала од 1 до 5, кадешто 1 значи "Никогаш", а 5 значи "Секогаш".

На приказот се одделно прикажани одговорите на испитаниците кои себе си се декларирале како запознаени со работата на пратениците, незапознаени и неутрални, односно ниту запознаени, ниту не запознаени.

Се забележува дека *оние кои не се запознаени со работата на пратениците, по однос на сите наведени начини на однесување, се склони да доделат ниски оцени*, кои се под границата на оцена 2.

Оние испитаници кои истакнале дека *се запознаени* со работата на пратениците, по однос на сите наведени начини на однесување, *доделуваат повисоки оцени* од останатите граѓани. Истите се дистрибуирани на скалата помеѓу 2 и највисоко до 2.32, но сепак се над оцените кои се доделени од останатите граѓани.

Се чини дека оние кои ја следат работата на пратениците, основано ја доделуваат својата оцена за однесувањето на пратениците врз база на информациите кои ги имаат, наспроти оние кои не ја следат работата на пратениците, чија перцепција е генерално негативно обоена и оценета без основано познавање на работата на пратениците.

**График 15. (Q7-Q24) Генерално земено, колку сметате дека ПРАТЕНИЦИТЕ се однесуваат на секој од следните начини, на скала од 1 до 5, кадешто 1 значи "Никогаш", а 5 значи "Секогаш".**



Кај предлозите од страна на граѓаните поврзани со тоа кои треба да бидат *последиците* за пратениците доколку ги прекршат етичките стандарди и се однесуваат неетички *не се забележуваат статистички значајни разлики.* На графикот бр.16 подолу се прикажани одговорите на испитаниците поделени според нивната запознаеност со работата на претставниците во законодавниот дом.

Од страна на испитаниците кои се запознаени и оние кои не се запознаени со работата на пратениците, преовладување мислењето дека потребно е воведување на построги санкции за непочитувањето на етичките стандарди, кои според мислењето на граѓаните се воопшто не постојат, или дури и да постојат санкциите веројатно не се применуваат. Радикалноста во одговорите е рефлексија на ниската доверба, но и на генералната оценка за работата на пратениците и Собранието. Предложените мерки од страна на граѓаните за непочитување на стандардите или однесување кое не е препорачливо и не се одобрува, се всушност и клучниот индикатор дека несомнено е потреба ревизија, унапредување и промоција на принципите на морално дејствување и почитување на етичките стандарди од страна на нивните претставници во Собранието.

Особено е важно да се истакне дека сосема мал број од граѓаните, се свесни и информирани за постоењето на стандарди кои го регулираат, односно насочуваат делувањето и однесувањето на пратениците, и укажуваат на тоа што се очекува од нив како претставници на граѓаните. Засилена промоција на етичките стандарди ќе овозможи не само поголема информираност на пратениците за тоа кои се стандардите на парламентарната етика, туку и ќе помагне во градењето на модел на политичар во очите на граѓаните, а секако ќе влијае и на зголемување на довербата кај граѓаните во Собранието и во пратениците.

**График 16. (Q32) Што сметате дека треба да бидат последиците за пратениците ако ги прекршат етичките стандарди и се однесуваат неетички?**



# ПРЕПОРАКИ

- *Поголема информираност на граѓаните за работата на пратениците и поголема промоција и информираност за етичките стандарди на пратениците* – резултатите од истражувањето покажаа дека колку помалку граѓаните знаат за работата на пратениците, толку полошо ги оценуваат и им даваат доверба; воедно резултатите покажуваат дека мал процент од граѓаните се запознаени со Кодексот за етичко однесување на пратениците и потребно е да се работи на промоција на оваа област.
- *Донесување на нов, унапреден Етички кодекс и негова доследна примена* – новиот кодекс ги уредува и областите кои досега не беа уредени со постоечкиот кодекс, но дава и посеопфатна и поширока перспектива за принципите, вредностите и стандардите на однесување и постапување кои се очекуваат од пратениците. Резултатите од истражувањето на перцепцијата на граѓаните укажаа на фактот дека вредностите и принципите врз основа на кои го проценуваат однесувањето и постапувањето на пратениците се компатибилни со меѓународните стандарди на парламентарна етика. Сепак, дел од областите за кои истражувањето го испитуваше мислењето на граѓаните, не се предмет на постоечкиот кодекс, па оттука и неговото доуредување и унапредување се јавува како нужна потреба.
- *Донесување на ново Упатство за примена на етичкиот кодекс* – подготвениот нов текст на Упатството обезбедува низа примери за очекуваното и препорачаното однесување и постапување на пратениците во ситуации кога имаат одредена морална дилема;
- *Измени на регулативата (Закон за пратениците, Деловник за работа на Собранието)* – на овој начин ќе се надминат правните празнини во однос на примената на Етичкиот кодекс и ќе се воспостават цврсти механизми за негова примена;
- *Воспоставување на механизми за следење на примената на кодексот* - следењето на примената на кодексот и известувањето по однос на примената во голема мера ќе овозможи зајакнување на довербата кај граѓаните за работата на пратениците заради редовното и аргументирано следење на нивните однесувања и постапки;
- *Воспоставување механизми за санкционирање на однесувањето кое не е во согласност со стандардите и принципите на кодексот* - повикувањето на одговорност и понесувањето на одговорност од страна на пратениците за евентуалните прекршувања на кодексот;
- *Континуирано обезбедување на поддршка за примена на Етичкиот кодекс* – од суштинско значење е пратениците да добијат поддршка за примена на нормите и стандардите кои се предмет на кодексот, и тоа преку доверливо советување и континуирани обуки.

# Прилог 1 – Методологија на истражувањето

## *Методолошки пристап*

Истражувањето го спроведе ТИМ Институт по претходно подготвен прашалник од страна на Центарот за управување со промени, Прашалникот беше консултиран со претставниците на Националниот демократски институт НДИ. Во истражувањето бешее користен репрезентативен примерок на територија на Република Северна Македонија, на возраст 18+ години. Истражувањето беше спроведено на вкупно 1318 испитаници.
За целите на истражувањето се користеше телефонско CATI интервју.

### I. Дизајн на примерок

Испитаниците беа пропорционално дистрибуирани во урбаните и рурални делови на сите 8 региони на територија на РСМ, вклучувајќи ги етничките Македонци, етничките Албанци, етничките Роми, етничките Турци и останати припадници на помалите етнички заедници кои живеат во општините.
Примерокот е повеќе степен стратификуван.
Секоја општина во примерокот е поделена на 4 подгрупи: етнички Македонци и други етнички заедници во урбани и рурални населени места и етнички Албанци во урбани и рурални населени места.
Дистрибуцијата на помалите етнички заедници (Турци, Роми, Срби, Власи итн.) во секоја општина посебно, беа соодветно земени предвид.

Бројот на интервјуа пропорционално е дистрибуиран во општините врз база на стратификацијата на популацијата и на бројот на жители во секоја општина. Примерокот опфаќа испитаници од различни возрасни групи, различен степен на образование и пропорционално се опфатени испитаници од различен пол.
Анкетирањето се одвиваше на македонски и албански јазик.
Поради намалената пенетрација на фиксната телефонија во домаќинствата, Тим Институт користеше до 70% мобилни телефони.

### II. Рамка на примерок

Попис 2021, публикувани податоци од Државен Завод за Статистика.

## III. Избор на испитаници

Секој анкетар мора да има најмалку три обиди за да стапи во контакт со селектираното домаќинство. Доколку и по три обиди во текот на работата не е воспоставен контакт со домаќинството, се контактира со друго домаќинство според процедурата за избор на домаќинство.
Резултатите од сите обиди за контакт се запишуваат од страна на анкетарите.
Доколку станува збор за фиксен телефонски број: се анкетира лицето кое го има првиот следен роденден во домаќинството од членовите во домаќинството кои се присутни за времетраење на истражувањето.
Доколку станува збор за мобилен телефонски број: се анкетира лицето кое се јавува на мобилниот телефон, на возраст над 18 години, кој ги задоволува потребните критериуми.
Доколку избраното лице го одбие анкетирањето или друг член од домаќинството го попречува анкетирањето, анкетарот љубезно го завршува разговорот и го прекинува контактот.

## IV. Систем на контрола на квалитет

30% од спроведените интервјуа беа предмет на контрола.

## V. Анкатарска и супервизорска мрежа

Истражувањето го спроведе развиена и искусна мрежа на анкетари (телефонисти) на македонски и албански јазик.
40 искусни анкетари работеа на овој проект.

## VI. Времетраење на истражувањето

Пред почетокот на телефонската анкета сите анкетари добија теоретска обука за методологијата и процедурата на работа која вклучува објаснување на значењето и имплементацијата на следните процедури:

- Селекција на домаќинството
- Селекција на испитаник
- Објаснување на методот за пополнување на програмскиот прашалник

Истражувањето беше спроведено од 02.11.2022 до 17.11.2022.

Професионалниот софтвер за статистичка обработка на податоците SPSS за Windows беше употребен за процесирање и анализа на добиените податоци од страна на ТИМ институт.
SPSS за Windows и Microsoft Office за Windows (Word и Excel) беа употребени за изготвување на извештајот, графиците и табелите.

## Демографска структура на испитаниците

### ПОЛ




### ВОЗРАСТ




### ЕТИЧКА ПРИПАДНОСТ




### ОБРАЗОВАНИЕ



## РАБОТЕН СТАТУС




## МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ

